SYMPOSION

П О К А Н А

ЗА УЧЕСТВО НА

ЕДНОДНЕВНА СТРУЧНА РАБОТИЛНИЦА

„ПОЖАРИ, ПОВРЕДИ ПРИ РАБОТА И ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗАБОЛУВАЊА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА — ПРАВИЛНО ПОСТАПУВАЊЕ И СООДВЕТНА ЗАШТИТА“

(21 Мај 2025 во „Park Hotel & Spa“ — Скопје)

Во фокусот на еднодневната стручна работилница

Главната цел на работилницата е преку **стручен и интерактивен пристап**, преку обработка на **практични примери** учесниците да стекнат јасна претстава за **потребите и обврските** за **заштита од пожари, за безбедност и здравје при работа** на **државните институции, јавните претпријатија** и **приватниот сектор.**

Фокусот на работилницата ќе биде поставен врз следниве **централни теми**:

- **Одговорноста** за примена или непримена на **мерките за безбедност**
- **Заштита и спасување – законски обврски** од аспект на **реална примена** и надминување на недореченост
- **Заштита и спасување – планските документи, опфат** и примери за **начинот на изготвување**
- **Безбедност и здравје при работа – законски обврски** од аспект на **реална примена** и надминување на недореченост
- **Инспекциски надзори** над примена на законските барања за заштита од пожари и безбедност и здравје при работа

Работилницата ќе биде спроведена во **интерактивен формат**, преку обработка на **практични примери** за сите **дилеми и предизвици** поврзани со тематската материја. Преку **дискусија со учесниците** за опфатените теми, ќе се даде можноста да се отворат, разгледаат и одговорат прашања од **директната практика**, да се презентираат **предизвици** со кои се соочиле во работењето, како и **конкретни проблеми**, за кои ќе добијат **полезни и применливи** насоки и мислења.

Време и место на реализација: еднодневната стручна работилница ќе се реализира во **„Park Hotel & Spa“ — Скопје**, на **21 мај** (среда) 2025 година.

Заинтересирани учесници

Главните **засегнати лица и групи** кои имаат **директен интерес за учество** во оваа практична стручна работилница се **директорите, раководителите и одговорните лица** во **јавните институции** и во **приватниот сектор, стручните лица за безбедност при работа** вработени кај различните работодавачи и кај **овластени правни лица,** како и сите вработени од останатите организациони единици кај **јавните и приватните субјекти** кои имаат потреба од надградба на своите знаења во делот на системот за **заштита и спасување**, како и **безбедност и здравје при работа**, што е исклучително важен составен дел кај **сите работодавачи**, но и во секојдневното живеење.

SYMPOSION

НАЧИН ЗА ПРИЈАВА НА УЧЕСТВО

Котизацијата за работилницата изнесува 6.950,00 ДЕНАРИ + ДДВ 18%. За пријавени 3 и ПОВЕЌЕ ЛИЦА од ИСТА ИНСТИТУЦИЈА следува **ПОПУСТ ОД 10 %.**

КОТИЗАЦИЈАТА за учество **ВКЛУЧУВА:** полно учество во работните сесии на еднодневната стручна работилница, користење на сите капацитети на удобната конференциска сала, кафе-паузи, организиран ручек, сертификат за учество, работен материјал од работилницата, како и непосредна комуникација со предавачот за надминување на Вашите прашања и дилеми во стручната практика.

ПРИЈАВУВАЊЕТО ЗА УЧЕСТВО на работилницата е отворено најдоцна **ДО 19 МАЈ** 2025 година со пополнување и испраќање на **ПРИЈАВНИОТ ЛИСТ** на следната електронска адреса: info@simpozion.mk

За сите дополнителни прашања и потребни информации во врска со работилницата, слободно контактирајте нè на тел. **078 271 576** или на официјалната ел. адреса.

**Во продолжение достапна целосната работна агенда на стручната работилница, а наведени се и потребните информации за уплата на котизацијата за учество.*

SYMPOSION

А Г Е Н Д А

ЗА ЕДНОДНЕВНАТА СТРУЧНА РАБОТИЛНИЦА

„ПОЖАРИ, ПОВРЕДИ ПРИ РАБОТА И ПРОФЕСИОНАЛНИ ЗАБОЛУВАЊА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА — ПРАВИЛНО ПОСТАПУВАЊЕ И СООДВЕТНА ЗАШТИТА“

(21 мај 2025 во „Park Hotel & Spa“ – Скопје)

08.40—09.00 Пристигнување и регистрација на учесниците

09.00—10.30 Одговорност за примена или непримена на мерките за безбедност

Потребата од воспоставување на системот за безбедност во една институција или компанија, но и пошироко е од витално значење за самиот субјект, како и за секојдневниот живот на сите граѓани. Прашањето кој и како е одговорен е едно од најчестите прашања кои се поставуваат, особено при инспекциски надзор или при несреќи. Одредени несакани настани можат да се рефлектираат само внатре во институцијата или компанијата (субјекти од затворен тип во кои се наоѓаат само вработени), но кај други може да предизвикаат многу пошироки последици (субјекти од јавен карактер во кои не се засегнати само вработените, туку и посетителите, како болници, стадиони, ресторани, хотели и други).

10.30—11.00 Кафе-пауза

11.00—12.00 Заштита и спасување — законски обврски од аспект на реална примена и надминување на недореченостите

Обврски кои произлегуваат од Законот за заштита и спасување, Законот за пожарникарство, Законот за градење и подзаконските акти поврзани со нив и со воспоставувањето на системот за заштита и спасување. Чија е обврската за постапување, особено во објекти каде што се сместени повеќе институции или компании? Кој ги изготвува потребните документи и што треба да опфатат? Овие прашања се јавуваат често и особено при нејасно дефинирани законски барања или преклопување на ингеренции. Решенијата понекогаш се едноставни кога ги имаме потребните информации.

12.00—12.15 Кратка пауза

12.15—13.15 Заштита и спасување — планski документи, опфат и примери за начинот на изготвување

Изработка на планските документи: Елаборат за заштита од пожари и експлозии, Проценка на загрозеност од природни непогоди, План за заштита и спасување и Правилник за заштита од пожари и експлозии, како основа за воспоставување на системот за заштита и спасување. Начин на изработка на овие документи, мислење или согласност од надлежни институции. Кратки и практични насоки за начинот на изготвување на овие документи и воспоставување на систем за заштита и спасување.

13.15—14.15 Пауза за ручек

14.15—15.30 Безбедност и здравје при работа — законски обврски од аспект на реална примена и надминување на недореченостите

Обврски кои произлегуваат од Законот за безбедност и здравје при работа и од подзаконските акти. Обука, здравствени прегледи, мерења, испитувања, проценка на

ризик, информирање, консултирање, стручно лице за безбедност при работа, лична заштитна опрема, мерки за безбедност при работа. Ангажирање на овластена здравствена установа и овластено правно лице за безбедност при работа. Учесници во процесите, вклучување на вработените и многу други практични искуства.

15.30—16.00 Инспекциски надзори над примена на законските барања за заштита од пожари и безбедност и здравје при работа

Закон за инспекциски надзор, Закон за инспекцијата за труд, надлежни инспекторати, постапки при инспекциски надзор, казнени одредби. Воспоставување интерни контроли како превенција.

15.45—16.00 Завршни согледувања и отворена дискусија

Предавач

М-р Борче Стојчевски — експерт во областа на безбедност и здравје при работа со 30-годишно професионално и научно-истражувачко искуство во областа на безбедност и здравје при работа, како и заштитата од пожари, со долгогодишен професионален ангажман како стручно лице и консултант за поголемите компании во земјата, во најразлични индустрии, со искуство во делот на проектирање на заштита од пожари и експлозии, како и безбедност и здравје при работа. Работел на многу проекти, како когнитивната централа „ТЕ-ТО“, „Џонсон Мети“, „Кемет“, хидроелектрана „Света Петка“, „Супер Веро“ и други. Како магистер по технички науки во областа работна средина, има објавено повеќе од 50 трудови на меѓународни конференции и во меѓународни списанија. Како експерт и надворешен консултант, ангажиран е од страна на Министерството за труд и социјална политика за подготовка на законски и подзаконски решенија во областа на безбедност и здравје при работа. Вклучен е и во скринингот на РСМ за евроинтегративниот процес (поглавје 19) во делот на безбедност и здравје при работа. Активен член е на Здружението на инженери за заштита ТУТЕЛА, како координатор за стручни прашања, и на Европското здружение на инженери за заштита ESSE, како координатор за Република Северна Македонија. Вклучен во низа проекти на Меѓународната организација на труд за усогласување на трети земји со конвенциите на МОТ.

Податоци за пријавување и уплата

Информации за уплата на котизација за работилницата:

Примач: СИМПОЗИОН ДООЕЛ – Скопје
Адреса: ул. Франклин Рузвелт бр.54/16, Скопје
Сметка бр. 210071635330103
НЛБ Тутунска Банка АД – Скопје
ЕДБ: МК4080016561868
Контакт тел. бр.: 078 271 576

Пријава за учество:

Пријавен лист – учеството се потврдува со негово испраќање на: info@simpozion.mk
(последен рок за пријавување: **19 мај** 2025 г.)